# Вести

март 10, 2020

# ЗНМ до медиумите: Без непотребна паника за коронавирусот




Претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски

Здружението на новинарите на Македонија денеска преку соопштение информира дека се придружува на повикот на Европската федерација на новинари (ЕФН) во апелот до медиумите да известуваат одговорно и да избегнуваат создавање неоправдана паника во јавноста при известувањето за коронавирусот (Ковид-19).

Како што наведуваат од ЗНМ, новинарите и медиумите имаат одговорност да се придржуваат до етичките правила при своето работење и да не придонесуваат во ширењето невистини и создавањето паника во јавноста. Тие имаат обврска да отстапат простор на експертите кои се квалификувани да коментираат за ваквите чувствителни прашања.

ЗНМ им порачува на граѓаните да внимаваат од кои медиуми се информираат за овие теми и предност да дадат на медиумите кои се дел од регистарот на професионални онлајн медиуми, стои во соопштението.

вииди ги сите денешни вести

маj 27, 2021

## ЕУ на чекор до договор за нови санкции кон Белорусија

Еврокомесарот за надворешни работи Јосеп Борел пред почетокот на состанокот во Лисабон,

Министрите за надворешни работи на Европската Унија денеска разговараа за можни економски санкции против Белорусија. Претходно земјите членки на групата Г7 повикаа на „итно и безусловно ослободување “ на новинарот Раман Пратасевич кој беше приведен по принудното пренасочување на патнички авион кон Минск.

прочитај повеќе

маj 27, 2021

# Русија со парични казни за Твитер, Гугл и ТикТок поради објавена содржина

Илустрација

Рускиот суд го казни Твитер со 259 илјади американски долари односно 19 милиони рубљи затоа не ја избришал содржината која Кремљ смета дека е незаконита. Ова е едно од последните поглавја во долготрајниот спор меѓу руските власти и гигантот Твитер. Руското државно регулаторно тело за комуникации ја обвини социјалната мрежа Твитер дека не сака да ги избрише содржините во кои се вклучени објави што содржат детска порнографија, информации за злоупотреба на дрога и повици на малолетници за самоубиство. Таквите тврдења Твитер ги негира. Во април годинава Твитер беше казнет со 9 милиони рубљи.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Нови 13 починати и 53 заразени со ковид-19

Илустрација

Во изминативе 24 часа во земјава се евидентирани нови 53 случаи на заразени со ковид-19 и 13 починати лица од компликации настанати поради коронавирусот. Од пријавените, 4 лица се починати во домашни, а останатите 9 во болнички услови.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Радев не сака преведувач, Пендаровски очекува подобри денови

Илустрација

Нема потреба од европски претставници во бугарско македонските разговори, доколку има и европски претставник на двете страни ќе им треба преведувач, изјави претседателот на Бугарија, Румен Радев одговарајќи на новинарско прашање зошто смета дека нема потреба од европски историчари да се вклучат во решавањето на прашањата во мешовитата македонско-бугарска историска комисија.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Заев и Јанев: Дијалогот носи решенија

Премиерот Зоран Заев

Политичките лидери на двете земји имаат одговорност да создадат услови за дијалог и за конструктивни разговори, заклучија денеска во телефонски разговор премиерите на Северна Македонија и Бугарија, Зоран Заев и Стефан Јанев, информира влаидната прес служба. Во соопштението од Владата е наведено дека Заев му го честитал изборот на Јанев за претседател на Владата на Република Бугарија и му посакал плодна и успешна работа.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Силно невреме во малешевскиот регион

Илустрација

Силно невреме денеска го зафати малешевскиот регион. Силниот дожд предизвика голема штета на повеќе локации во Пијанечко-малешевскиот регион. Според досегашните извештаи на локалните медиуми во Берово градскиот пазар е целосно е под вода, додека во Делчево е опожарен помошен објект од куќа.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Брнабиќ: Вложени 4 милијарди евра во автопати

Српската премиерка Ана Брнабиќ

Во Србија се гради сообраќајна инфрастуктура во вредност од речиси 4 милијарди евра, а до крајот на годинава се планира и почетокот на изведба на проекти вредни 2 милијарди евра, изјави денеска премиерката Ана Брнабиќ. Таа посочи дека во изградба се 330 километри автопатишта и брзи сообраќајници.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## СОНК: Нема пари за прекувремена работа, нема свидетелства за учениците

Учениците нема да добијат свидетелства на крајот на училишната година доколку на наставниците не им се исплатат парите за прекувремена работа. Ова предупредување денеска го сопшти Синдикатот за образование кој најави дека ќе организира штрајк ако Министерството за образование, општините и училиштата не им платат на наставниците парите за прекувремена работа.

Претседателот на СОНК, Јаким Неделков, го впери прстот кон инспекторатот за труд кој досега не одговорил на нивното барање да се испита зошто не се исплатени средствата на наставниците во 50 училишта.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Курти: Нема воени злосторници меѓу борците од ОВК

Премиерот на Косово Албин Курти

Премиерот на Косово Албин Курти денеска изјави дека не верува дека меѓу борците на поранешната Ослободителна војска на Косово има военИ злосторници, но верува дека воени злосторници има и надвор од Србија, односно во северниот дел на Косово, во Босна, а како што вели, можеби и во Црна Гора.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Радев: Не треба европски историчари да ни помагаат во решавање на спорот

Бугарскиот претседател Румен Радев денеска изјави дека нема потреба европски историчари да се вклучат во македонско-бугарската историска комисија.

Тој вели дека нема потреба од посредници: „Никој подобро од нас не ја знае нашата историја", рече Радев кој денеска е во Рим заедно со македонскиот претседател Стево Пендаровски на одбележувањето на сесловенските просветители Кирил и Метродиј.

Инаку, заедничката мешовита историска комисија беше формирана по потпишувањето на Договорот за пријателство и добрососедство меѓу Македонија и Бугарија во 2017 година.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Битиќи: Со електронските картички нема да се дестимулира домашниот туризам

Вицепремиерот Фатмир Битиќи

Вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи денска изјави дека не смета оти со електронските картички за српските туристи на патарините ќе се дестимулира домашниот туризам. Тој рече дека „тоа се предвидени трошоци.“

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## ЕУ и Јапонија го поддржаа одржувањето на Олимписките игри

Кампања против Олимпијата во Токио.

Европската унија и Јапонија денеска го поддржаа одржувањето на Олимписките игри во Токио, додека истовремено шефот на јапонскиот лекарски синдикат предупредува на можност од појава на „олимписки вид“ на короанвирусот.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Кривични пријави за загадување на Дебарското Езеро

Загадување на водите на Дебарското езеро.

По околу два месеци од големото загадување на водите на Дебарското Езеро, денеска ОВР Дебар поднесе кривична пријава против еден правен субјект во Дебар и против раководителите на субјетот и тоа против Т.Д (56) од Скопје и А.Д. ( 55 ) од Дебар за сторено кривичлно дело ,,загрозување на животната средина и природата со отпадни матријали,,.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Блинкен ја заврши посетата на Блискиот Исток

Државниот секретар на САД Антони Блинкен за време на конференција во Аман. 26.05.2021.

Американскиот државен секретар Антони Бликен денеска ја заврши дводневната турнеја на Блискиот Исток, чија цел беше да се осигура прекинот на огнот кој беше постигнат со посредство на Каиро, а со кој беше ставен крај на 11-дневните смртоносни воздушни напади меѓу Израел и палестинските милитанти во Газа. Блинкен повика на регионална соработка за да се избегне повеќе „вознемирувачко насилство“.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## ЕУ ја критикува Русија за назначување на „непожелни организации“

Шефот за надворешна политика на ЕУ, Жозеп Борел.

Европската унија ја отфрли одлуката на руските обвинители да назначат три германски невладини групи за „непожелни организации“. Ваквиот потег ЕУ го нарече „најнов пример за непочитување на енергично граѓанско општество од страна на руските власти“.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Намален бројот на хоспитализирани од Ковид-19

Инфективна клиника, ковид 19 амбуланта.

На инфективните одделенија и во болниците во Македонија во моментов од Ковид-19 се лекуваат вкупно 249 пациенти, а има 538 слободни болнички кревети, соопшти денеска Министерството за здравство.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Кина: Политичкото рекламирање ќе го отежни откривањето на потеклото на коронавирусот

Коронавирус.

Кинеската амбасада во САД соопшти дека „политичкото рекламирање“ околу работата за пронаоѓање на потеклото на коронавирусот, ќе го отежни откривањето на потеклото на вирусот и како се проширил на луѓето.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Азербејџан зароби шест ермenски војници

Аргива - Ерменски војници ја чуваат својата позиција во самопрогласената Република Нагорно Карабах. 30.09.2020.

Азербејџанските сили заробија шест ерменски војници во време на растечки тензии на границата меѓу двете земји, кои минатата година се бореа за отцепениот регион Нагорно-Карабах. Азербејџанското Министерство за одбрана соопшти дека ерменските војници биле уапсени во азербејџанскиот кварт Калбачар додека поставувале мини на патот што води кон позициите на азербејџанската армија на границата.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Претседателот Пендаровски на аудиенција кај папата Франциск

Претседателите Румен Радев и Стево Пендаровски

Со посетата на базиликата „Санта Марија Мацоре“, претседателите на Северна Македонија и на Бугарија, Стево Пендаровски и Румен Радев денеска заеднички ќе им оддадат почит на Светите браќа Кирил и Методиј. Двајцата претседатели ќе положат цвеќе пред спомен плочата во чест на Свети Кирил и Методиј. Тие ги предводат делегациите на двете земји во посетата на Рим и Ватикан во чест на сесловенските просветители.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Авионскиот сообраќај во 2023 година ќе се врати на нивото пред ковид-19

Бројот на патници во авионскиот сообраќај дури во 2023 година ќе се врати на нивото од 2019-та, пред пандемијата со коронавирусот, која доведе до сообраќаен колапс, процени Меѓународното здружение за воздушен транспорт (ИАТА).

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Јанша ја „преживеа“ уставната тужба за импичмент

Јанез Јанша

На четири словенечки опозициони партии синоќа не им успеа иницијативата во парламентот за покренување постапка на отповикување против премиерот Јанез Јанша пред Уставниот суд, поради кршење на закони и Уставот.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

# Итен состанок на ИЦАО поради инцидентот со авионот во Белорусија

Авионот што беше пренасочен да слета во Белорусија

Организацијата за меѓународно цивилно воздухопловство (ИЦАО) денеска ќе одржи итен состанок на кој ќе се разговара за пренасочувањето на патнички авион од страна на Белорусија и апсењето на новинар дисидент.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Во хрватските аптеки од денеска достапни тестови за самотестирање

Во аптеките во Хрватска од денеска се достапни тестови за само-тестирање на коронавирус. Вчера во таа земја пристигнаа 10 илјади тестови, а уште 20.000 ќе пристигнат денеска.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Во Собранието седница за пратенички прашања

Собрание на Република Северна Македонија

Собранието на Република Северна Македонија денеска ќе ја одржи 42-та седница на чиј дневен ред е поставување пратенички прашања.

прочитај повеќе

мај 27, 2021

## Времето променливо и нестабилно со дожд и грмежи

Времето денеска ќе биде променливо облачно и нестабилно со повремен пороен дожд и појава на грмежи. Локално ќе има појава на невреме со поинтензивни електрични празнења, силен ветер и услови за појава на град. Минималната температура е во интервал од 10 до 17, а максималната ќе достигне од 24 до 30 степени. УВ индексот ќе изнесува седум.

прочитај повеќе

Вчитај повеќе

Радио Слободна Европа / Радио Слобода. Сите права се резервирани